**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
Бул. Гоце Делчев 9а. 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401, Централа: +389 2 3240 400
Факс.: +389 2 3223-811

Бр. 10-1208/1
25-09-2020
Скопје

Врз основа на член 70 од Статутот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во состав на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во согласност со протоколите и препораките на Владата на Република Северна Македонија Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје на својата 49. Редовна седница одржана на 16.9.2020 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

за определување на изведување на наставнообразованиот процес и другите активности на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ со комбиниран метод, физичко присуство и примена на платформи со видеоконференциска врска

**Член 1**

Во согласност со мерките и препораките на надлежните органи во Република Северна Македонија за заштита на населението од ширење на болеста CoVid-19 реализација на наставнообразовниот процес, односно наставата и другите активности кои ја сочинуваат наставата во текот на зимскиот семестар од академската 2020/2021 година ќе се одвиваат на комбиниран начин, со физичко присуство и со примена на платформи со видеоконференциска врска.

Наставата за зимскиот семестар од академската 2020/2021 година ќе започне на 5. октомври 2020 година, а распоредот, времето и начинот на кој ќе се реализира наставата ќе биде истакнат на веб страницата на Факултетот и огласните табли на соодветните катедри.

**Член 2**

Со оглед на протоколот за одржување на задолжително физичко растојание при изведување на наставата и капацитетот на просториите со кои располага Факултетот настава со физичко пристуство може да се одржува со групи од најмногу 15 студенти.

При изведување на наставата задолжтелно да се почитуваат мерките за лична заштита.

Во случај на влошување на епидемиолошката состојба оваа настава ќе се изведува со примена на платформи со видеоконференциска врска.

**Член 3**

За наставата што ќе се изведува со примена на платформи со видеоконференциска врска предвидено е часот да трае од 30 до 40 минути.

Платформи со видеоконференциска врска што ќе се користат за изведување на наставата се: Microsoft Teams, Zoom и трета опција во која влегуваат Skype i Google.

Наставникот одлучува која платформа со видеоконференциска врска ќе ја користи.

За изведување на наставата нема да се користат електронска пошта, Viber и социјални мрежи.

**Член 4**

Редовните студенти имаат обврска редовно да ја следат наставата согласно термините кои се наведени во распоредот и редовно да ги реализираат и доставуваат задолженијата дадени од предметниот наставник.

Вонредните студенти имаат обврска да го контактираат предметниот наставник преку емаил и да договорат консултации кои ќе се одвиваат на начин кои тие ќе го договорат.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Член 6**

Примерок од Одлуката да се достави до раководителите на катедри, до Одделението за правни и општи работи и човечки ресурси, до Одделението за студентски прашања, до Претседателот на ФСС на ФлФ и Архивата на Факултетот.

ДЕКАН
на Филолошкиот факултет
проф. д-р Анета Дучевска